# ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ НА НР МАКЕДОНИЈА

*Поднесен на годишното собрание на Друштвото на 27. XI. 1955 г., за изминатиот период од 4. XII. 1954 г. до 27. XI. 1955 г.*

По одржаното годишно собрание на 4. XII. 1954 г. е конституиран новоизбраниот одбор во состав: *П. Димиќ* — претседател, *Н. Спасова* — потпретседател, *С. Лукиќ* — секретар, *Ј. Улчар* — благајник, *др. Б. Попов, О. Печијаре, С. Бахчаванџиев, О. Прокопиева-Спасова К., Смичков, М. Пасху* и *И. Келкоцев* — членови, а потоа е донесена оквирна програма за работата во идната година.

Со цел да ја утврди точната бројна состојба на наставниот кадар по математика и физика во нашите школи и по можност да ги зачлени сите овие наставници, Друштвото се обрати кон оние свои членови, што работат во околиските центри, да ги побараат и да ги испратат до управата потребните сведенија по ова прашање. Меѓутоа, сведенијата се испратени само од некои гимназии, така што овој задаток не можеше да се изврши.

Со цел да им пружи на своите членови помош во нивното стручно и методско издигање, управата има преземено следното.

1. Во текот на учебната 1954/55 година беа организирани во Скопје четири стручни предавања. Предавачи беа: *др. Р. Бојаниќ, Ј. Мозер, Н. Спасова* и *К. Хаџи-Ристовски.* Меѓутоа, овие предавања беа воопшто земено слабо посетени.

2) Во своите цилкулари до членовите на Друштвото управата им препорачуваше на истите да се претплатат на часописите „Настава математике и физике" и „Математичкофизички лист". Но, бидејќи индивидуалната претплата беше пак слаба, самото Друштво се претплати во годината 1954 на 100 примерци, а во годината 1955 на 200 примерци од часописот „Настава математике и физике", со тоа истите да се испраќаат до нашите средни школи и осмолетки.

3) Управата на Друштвото побара од сите гимназии текстови на задачи по математика, кои беа зададени на писмениот дел од матурскиот испит во учебната 1953/54 год. Тие задачи беа проучени, а забелешките во врска со нив им беа испратени на наставниците.

4. Во текот на годината купено е за околу 50.000 динари разни книги на туѓи јазици со наставно-методска содржина за друштвена библиотека. Освен тоа Друштвото беше претплатено и на три стручно-методски туѓи часописи за математика и физика. Меѓутоа, библиотеката не беше доволно користена.

5) Управата на Друштвото дискутираше многу околу можноста за издавање превод на некоја методика за наставата по математика и физика, бидејќи се осетува голем недостиг на ваква литература во цела Југославија. Во врска со тоа управата проучи некои нови дела од оваа област и го постави ова прашање и на пленарниот состанок на извршниот одбор на нашиот Сојуз, што беше одржан во месец октомври о. г. Прашањето ќе биде разгледано од страна на една стручна сојузна комисија.

6) Најпосле, во управата се дискутираше и за евентуално организирање на некои стручни курсеви со цел да се пружи помош на оние наставници по математика и физика, што немаат оформено стручно образование, а треба да го оформат. Меѓутоа, со оглед дека веќе два вакви курса беа организирани во текот на минатите школски одмори, а само четири од учесниците на тие курсеви покажаа после тоа интерес за продолжување на студиите на ВПШ, се одлучи овој курс за сега да не се организира.

За да се развие меѓу школската младина што поголем интерес за математика и физика, управата ги презеде следните мерки:

1) Неколку пати им препорачуваше на наставниците по математика и физика да организираат стручни активи меѓу учениците и да се заложуваат за претплатување на „Математичко-физички лист" меѓу учениците.

2) На крајот на учебната 1954/55 год. организира во Скопје еден натпревар по математика за учениците од средните школи во нашата република. Натпреварувањето беше индивидуално и екипно. Во него зедоа учество 35 ученици од 12 гимназии. По одржаниот натпревар беа разделени дипломи и награди, а најдобрата екипа доби преоден пехар.

Овој натпревар потполно успеа. Учениците покажаа спонтан интерес за истиот. Врз основа на тоа нашето Друштво одлучи и во иднина да организира вакви натпревари, и да предложи исто така да се организира секоја година и по еден сојузен натпревар по математика и физика.

Најпосле, со цел да ја унапреди научната и стручно-методската работа по математика, управата продолжи со издавање на часописот *„Билтен на математичарите и физичарите на НР Македонија"*, кој излегува веќе шест години. Во оваа година е издаден бројот за 1954 година. *Билтенот* се испраќа на сите членови на Друштвото, а освен тоа за истиот се добиваат во размена редовно 8 наши стручни и научни списанија, како и 28 научни списанија од 17 страни земји, што претставува голема уштеда во девизни средства.